Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 01-866/1
23.9. 20 22 год.-Viti
Скопје-Shkup

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ВИДЕО НАДЗОР ВО КИНОТЕКА НА Р. С. МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за заштита на лични податоци(„Службен весник бр. 42/20) и Правилникот за начинот на вршење на видео надзор („Службен весник бр.122/2020) Кинотека на Р. С. Македонија, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за начинот на вршење видео надзор

## Основни одредби

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на вршење на видео надзор во службените простории на НУ Кинотека на Р. С. Македонија (во натамошниот текст: Кинотека), во својство на Контролор, целите и обемот на вршење на видео надзорот како и да се дефинираат техничките и организациските мерки кои се применуваат за обезбедување на тајност и заштита при обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор.

Член 2

Видео надзорот се врши преку дигитални видео камери и системи за снимање, кои се наоѓаат во седиштето на Кинотека.

Камерите се активни 24 часа, т.е. за времетраење како и по престанок на работното време, а видео записите се складираат на соодветен надворешен диск во рамките на самите објекти, поточно видео записите од видео надзорот се чуваат на хард дискот на уредот за дигитално снимање (ДВР/НВР).

Пристап до видео надзорот може да имаат и други лица само доколку се овластени од страна на директорот на Кинотека.

## Цели на видео надзорот

Член 3

Кинотека врши видео надзор во своите службени/деловни простории согласно член 90 став (1) од Законот за заштита на лични податоци за:

- Заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата;
- Заштита на животот и здравјето напосетителите и клиенти поради природата на работата;
- Заштита на сопственоста и добрата;
- Обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории.

Член 4

Кинотека како Контролор пред започнување на процесот на виде онадзор прави анализа на целите за коишто се поставува видео надзорот, а потоа на секои две години прави периодична оценка на постигнатите резултати од овој систем.

И во двата видови на контроли, нагласен е принципот на неопходност, односно дали самиот видео надзор, или видео надзорот во таков обем е навистина неопходен за постигнување на утврдените цели на Кинотека како Контролор.

Анализата ги содржи причините за поставување на системот за вршење на видео надзорот со образложение на потребите за исполнување на целта, односно на целите во смисла на одредбите од Законот за заштита на личните податоци и соодветните Правилници кои произлегуваат од него, согласно Образецот бр.1 која е составен дел на овој Правилник.

Кинотека врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор на секои две години, а особено за:

- понатамошната потреба од користење на системот за вршење на видео надзор,
- целта, односно целите за вршење на видео надзор и
- можните технички решенија за замена на системот за вршење на видео надзор.

Од извршената анализа, Офицерот за заштита на личните податоци изработува Извештај кој содржи и статистички показатели за пристапот до снимките направени при спроведување на видео надзорот и начинот на користење на истите кој е исто така составен дел на овој Правилник (Образец бр.2)

## Категории на субјекти и категории на лични податоци кои се обработуваат

Член 5

Преку системот за видео надзор во Кинотека се обработуваат следните категории на лични податоци:

- физички и физиолошки изглед на клиентите и другите посетители кои влегуваат и излегуваат од службените просториите и објектите на Кинотека.

Член 6

Кинотека може да ги отстапи личните податоци собрани преку системот за вршење видео надзор, односно да дозволи увид или даде на користење или да ги пренесе личните податоци на трето лице/трета страна, само и исклучиво на начин утврден со прописите на Република Северна Македонија кои ја уредуваат материјата за заштита на личните податоци.

## Примена на технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор

Член 7

Кинотека одредува технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, особено во согласност со Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци како и другите прописи од областа за заштита на личните податоци со давање на детален опис на преземените технички и организациски мерки.

Со преземање на техничките и организациските мерки, треба да се оневозможи:

- случајно или незаконско уништување на снимките,

- оневозможувањето на неовластеното преправање, откривање или пристап при обработка на видео записите и
- оневозможување на неовластен пристап до збирката на податоци од друга локација преку комуникациски уреди.

Кинотека ги обезбедува следните технички мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот на видео надзор, а особено:

- единствено корисничко име за секое овластено лице кое пристапува до системот за видео надзор како и соодветна политика за лозинки;
- инсталирана софтверска заштитна мрежна бариера („firewall") или рутер помеѓу системот за вршење на видео надзор и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот;
- приклучување на системот за видео надзор на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување;
- сигурна анти-вирусна и анти-спајвер заштита на информацискиот систем, која постојано ќе се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;
- Кон системот за видео надзор се пристапува само соодветни точно одредени работни станици сместена во канцеларијата каде што работи овластеното лице назначено од страна на Кинотека.

## Давање на лични податоци на корисници и размена на лични податоци обработени преку системот за видео надзор

Член 8

Кинотека преку овластеното лице - администраторот на системот за спроведување на видео надзорот води евиденција на лица овластени за вршење на обработка на личните податоци преку системот за видео надзор.

Евиденцијата од став 1 на овој член особено ги содржи следните податоци:

- име и презиме на овластеното лице,
- датум на издавање на овластувањето,
- рок на важење, обем на овластувањето за пристап до личните податоци и
- начин на пристап.

Личните податоци кои се обработуваат преку системот за видео надзор можат да се дадат на користење на корисник односно да се разменат за одреден случај кога е применливо врз основа на писмено барање од корисникот, доколку тој корисник согласно закон е овластен да ги обработува тие лични податоци. Администраторот на системот за спроведување на видео надзорот, во согласност со член 94 од Законот за заштита на личните податоци(Службен весник бр.42/2020) води евиденција за Барањата за пристапот и увидот во личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор од корисник.

Постапката по барањето се води согласно одредбите од член 16 до член 20 од овој Правилник.

Кинотека како Контролор за пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор задолжително води евиденција. Евиденцијата која согласно овој основ ја води администраторот на системот за спроведување на видео надзоротги содржи следните податоци:

- име и презиме на овластеното лицево субјектот подносител на Барањето,
- категории на субјекти на лични податоци кои се бараат,
- категорија на лични податоци кои се барат,
- датум и време на пристапување,
- законски основ, односно причина за пристапување,
- датум и час на направената снимка кон која се пристапува,односно дава на користење или размена,
- датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот,
- вид на медиумот во кој е содржана снимката од видеонадзорот и
- други податоци согласно одредбите од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци како и другите прописи за заштита на личните податоци.

## Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор

Член 9

Кинотека овластува лице/лица кои имаат пристап до системот односно до снимките од видео надзорот. (Овластување за вршење на видео надзор - Образец 3)
Овластените лица имаат право на пристап до системот за вршење на видео надзор како и право да ги прегледуваат снимките од видео надзорот и истите да ги обработуваат и чуваат за целите за кои се врши видео надзорот во согласност со закон.

Член 10

Кинотека назначува овластено лице - администратор на системот за спроведување на видео надзорот. Администраторот на системот за спроведување на видео надзорот е лице овластено и задолжено за оперативно управување со работата на системот за спроведување на видео надзор според одредбите на овој Правилник и интерните акти донесени од страна на Кинотека.

Назначувањето од став 1 на овој член се врши и при било кои други промени во работниот статус или статусот на ангажирањето на овластено лице што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до системот за спроведување на видео надзор.

Член 11

Овластените лица ќе ја вршат обработката на снимките совесно и стручно во согласност со овој Правилник и прописите за заштита на личните податоци.
Овластените лица имаат обврска да потпишат документ Изјава за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор.

Образецот на изјавата од став 2 на овој член е дадена во прилог на овој Правилник и е негов составен дел (Образец бр.4)

Член 12

Офицерот за заштита на личните податоци Скопје има право во секое време да врши контрола над работењето на овластените лица согласно овој Правилник.
Доколку при извршената контрола/супервизија од страна на овластените лица од Кинотека или Агенцијата за заштита на личните податоци е констатирано дека овластените лица не се придржуваат кон законските и подзаконските одредби, како и кон одредбите на овој Правилник, на истите ќе им се одземе даденото овластување и ќе се оцени состојбата за покренување соодветна постапка за утврдување одговорност.

## Рок на чување на снимките од видео надзорот

Член 13

Снимките од видео записите се чуваат на хард диск на дигиталниот видео рекордер, каде што пристап имаат само овластените лица.

Снимките направени при вршење на видео надзор се чуваат до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена, освен ако со друг закон не е предвиден подолг рок во кој се содржани заштитни мерки и други мерки за заштита на правата и слободите на субјектите на личните податоци во согласност со одредбите од овој Закон.

Доколку во снимките направени при вршење на видео надзорот, се испостави дека во тој период (30 дена) ќе биде евидентиран некој инцидент (настан), тогаш само таа конкретна снимка на која ќе биде утврден тој инцидент (настан) ќе може да се чува и подолго од 30 дена, а во зависност од постапката која што се води согласно закон.

## Известување за вршење на видео надзорот

Член 14

Кинотека на видливо и јасно место истакнува известување дека се врши видео надзор во согласност со Законот за заштита на личните податоци кое е составен дел на актот за начинот на вршење на видеонадзор.

Член 15

Со цел за информирање на сите потенцијално засегнати субјекти, на особено видливи места, како што ена пример главниот влез во објектите, службените простории се истакнува ИЗВЕСТУВАЊЕ за вршење на видео надзор во кое се содржани следниве информации:

- дека се врши надзор од страна на Кинотека
- начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од видео надзор
- податоци за офицерот за заштита на личните податоци

– други задолжителни информации согласно закон

Образецот на известувањето од став 1 на овој член е даден во прилог на овој Правилник и е негов составен дел (Образец бр.5).

## Начин на остварување на правата на субјектот на лични податоци и постапка за поднесување Барање за добивање на извадок од системот за видео надзор

Член 16

Со цел за доследна примена и почитување на Законот за заштита на личните податоци, а во насока на целосно почитување на правата на субјектите/граѓаните кои произлегуваат од наведената законска регулатива, се пропишува постапка за поднесување Барање за добивање на извадок од видео надзор за лично присуство во просториите на Кинотека.

Член 17

Образложено Барање во два (2) примероци со предлог за добивање на извадок од видео надзор за лично присуство во просториите на седиштето на Кинотека се поднесува на Образец. Образецот на барањето од став 1 на овој член е даден во прилог на овој Правилник и е негов составен дел (Образец бр.6).

Воедно, подносителот на Барањето потврдува дека е запознаен со Изјавата за приватност при вршење на виде онадзор, која е дадена во прилог на овој Правилник и е негов составен дел (Образец бр.7).

Барањето се поднесува:

- Лично, со изјава заверена на нотар од поднесувачот на барањето или старателот, во прилог.
- Преку Адвокат со специјално полномошно издадено од поднесувачот на барањето или неговиот старател.

Член 18

По добивање на Барањето во Контролорот, истото се заверува со приемен штембил, еден примерок му се враќа на подносителот, и потоа се проследува на надлежност и постапување на овластеното лице/лица од чл.9 на овој Правилник кое ги обезбедува сите услови за навремено и правилно добивање одговор по Барањето согласно процедурата пропишана со овој Правилник.

Член 19

По добивање на Барањето, овластеното лице од член 9 на овој Правилник без одлагање (веднаш) го известува офицерот за заштита на личните податоци кој откако ќе го прегледа барањето и видео материјалот од кој што се бара извадок, му доставува предлог мислење на директорот на Кинотека кој одлучува по барањето. Комуникацијата помеѓу овластеното лице, офицерот и директорот на Кинотека односно останатите лица кои би можеле да бидат вклучени во решавање на барањето задолжително се одвива по електронска пошта заради отчетност во постапувањето и зачувување на трагови на комуникацијата.

Член 20

Овластеното лице од чл.9 на овој Правилник изготвува одговор на барањето и истиот му го доставува на подносителот на барањето со лична достава и тоа на посебен медиум (Диск, УСБ и слично) при што му се доставува и бараниот извадок од видео надзорот за лично присуство во просториите на Контролорот. Подносителот на барањето може и лично да го подигне бараниот извадок во просториите на седиштето на Кинотека по претходно известување од овластеното лице.

## Техничка спецификација на опремата

Член 21

Кинотека како Контролор преку овластената компанија за видео надзорот ја определува техничката спецификација на опремата со која ќе се врши видео надзор, особено бројот на камерите, резолуцијата и квалитетот на сликата, видот на камерите, бројот и идентификацијата на работните станици со кои се пристапува до системот за видео надзор, како и бројот и идентификацијата на опремата со која се врши видео надзорот.

## План на поставеноста на системот за вршење видео надзор

Член 22

Графички приказ за поставеноста на системот за видео надзор во седиштето на Кинотека како и просторот каде се врши видео надзорот, аголот на покриеност на просторот опфатен со видео надзорот, број на камери како и карта со локацијата на местата каде што се поставени камерите се содржани во Елаборатот/ Планот од овластената компанија (добавувачот) на опремата кој е составен дел на овој Правилник.

## Завршни одредби

Овој Правилник стапува на сила на денот на усвојувањето.

Правилникот е предмет на редовни прегледи и ажурирања согласно промени во организациската поставеност, техничката инфраструктура или нови законски и /или регулаторни барања.

Бр. __________________________

Датум:________________________

НУ Кинотека на Република Северна Македонија
Претседател на Управен Одбор

Томислав Османли

## Дефиниции

**Видео Камера** е електронска направа со која се снимаат видео записи и слики. Видео записите од камерите се зачувуваат на специјални локални снимачи НВР (мрежен видео снимач)/ДВР(дигитален видео снимач) .

**НВР (мрежен видео снимач) / ДВР(дигитален видео снимач)** се електронски уреди-софтвер на кој се снимаат и зачувуваат видео записи во дигитална форма на хард диск.

**Централен сервер/софтвер** е електронски уред на кој се поврзани во мрежа сите НВР/ДВР.

**УПС** претставува резервно напојување на електронски уреди. Истиот има функција да ја заштити опремата од ненадејни прекини, пад на напон и стабилизација на напон.

**Личен податок** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет.

**Обработка на личните податоци** е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување;

**Обработувач на збирка на лични податоци** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот;

**Офицер за заштита на лични податоци** е овластено лице за заштита на личните податоци;

**Контролор** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување;

**Корисник** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не. Меѓутоа, органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со закон, не се сметаат за корисници, при што обработката на овие податоци од овие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка;

**Согласност** на субјектот на лични податоци е секоја слободно дадена, конкретна,информирана и недвосмислена изјавена волја на субјектот на личните податоци,

прекуизјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка нанеговите лични податоци;

**Медиум** е физички уред кој се користи при обработка на лични податоци, на кој податоците можат да бидат снимени или од кој истите можат да бидат повторно вратени

## Прилози

- Образец 1 - Анализа на целта на видео надзор
- Образец 2 - Извештај за периодична оценка на видео надзор
- Образец 3  - Овластување_за_вршење_на_видео_надзор
- Образец  4   - Изјава за обезбедување на безбедност при обработката на личните податоци
- Образец 5 - Известување за видео надзор
- Образец 6 - Барање за пристап до видое записи
- Образец 7  - Изјава за приватност при вршење на видео надзор